


ИЗДАНИЕ БР.25, МЕСЕЦ СЕПТЕМВРИ 2020

# КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ЦЕЛОСТ ГО РЕАЛИЗИРА ПРОЕКТОТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА И ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ ВО СЗШУЦ ЃОРЧЕ ПЕТРОВ КАВАДАРЦИ.
ВО ПРВАТА ФАЗА БЕА ИЗВРШЕНИ ГРАДЕЖНИ АКТИВНОСТИ ЗА ПРОМЕНА НА КРОВНАТА КОНСТРУКЦИЈА И ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВА ТЕРМО ФАСАДА, А ВО ПОСЛЕДНАТА ФАЗА, ПОСТОЕЧКОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ СЕ ЗАМЕНИ СО НОВО ЛЕД ОСВЕТЛУВАЊЕ.
ОВОЈ ПРОЕКТ Е ФИНАНСИСКИ ПОДДРЖАН ОД КАНЦЕЛАРИЈАТА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ ЗА ПРОЕКТНИ УСЛУГИ-УНОПС ВО ВИСИНА ОД 82.017 УСД, ДОДЕКА ОПШТИНАТА УЧЕСТВУВАШЕ СО СОПСТВЕНИ СРЕДСТВА ВО ВИСИНА ОД 3500 УСД.





ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО РАМКИТЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА РЕАЛИЗИРАШЕ УШТЕ ЕДЕН ПРОЕКТ. ДЕНОВИВЕ ОПЕРАТИВАТА НА ФИРМАТА „ГРАДБА ПРОМЕТ“ ОД КАВАДАРЦИ ЗАВРШИ СО ОФОРМУВАЊЕ И ПОПЛОЧУВАЊЕ НА НОВ ТРОТОАР НА ДЕЛНИЦА ОД УЛ.ВЛАДИМИР НАЗОР.
ИЗГРАДБАТА НА ОВОЈ ТРОТОАР Е ДЕЛ ОД ПРОЕКТ НА ОПШТИНАТА СО КОЈ ПРЕКУ ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА Е ПРЕДВИДЕНО ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ ВО ГРАДОТ.
ПРОЕКТОТ Е НА БАРАЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ ОД НАСЕЛБАТА КОИ СЕГА ЌЕ ИМААТ ПОБЕЗБЕДЕН ПРИСТАП И КОМУНИКАЦИЈА ДО СВОИТЕ ДОМОВИ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

СЕ ВРШИ САНИРАЊЕ НА ПОЛСКИ ПАТИШТА ВО ОКОЛИНАТА НА С.ДРЕНОВО.
ИНТЕНЗИВНО СЕ РАБОТИ НА САНАЦИЈА НА ПОЛСКИТЕ ПАТИШТА И ВО САБОТА И НЕДЕЛА. САНАЦИЈА СЕ ВРШИ ВО ОКОЛИНАТА НА С.ВАТАША, ВО ОКОЛИНАТА НА С.РЕСАВА И ВО ОКОЛИНАТА НА ОВЧКА РЕКА.





ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРЕКУ АНГАЖИРАНАТА ФИРМА НА ИЗВЕДУВАЧОТ „МАРТИН ПРЕМИУМ БИЛДИНГ" ОД СКОПЈЕ ВО С. БЕГНИШТЕ РЕАЛИЗИРА ПРОЕКТ ОД КОМУНАЛНАТА ИЗГРАДБА.
ВО ПРАВЕЦ НА ПОДОБРУВАЊЕ НА СТАБИЛНОСТА НА ТЛОТО КАКО И НА БЕЗБЕДНОСТА ВО СООБРАЌАЈОТ СЕ ГРАДИ АРМИРАНО-БЕТОНСКИ ПОТПОРЕН ЅИД.
СЕ ИЗВРШИ ШАЛУВАЊЕ НА ОБЈЕКТОТ. ЅИДОТ Е СО ДОЛЖИНА ОД 17МЕТРИ И ВИСИНА ОД 3 МЕТРИ. ЛОЦИРАН Е НА САМАТА КРИВИНА НА ВЛЕЗОТ ВО СЕЛОТО ОД ПРАВЕЦОТ НА С. РЕСАВА.
ВО ПОСЛЕДНАТА ФАЗА ОД ГРАДБАТА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПОПЛОЧУВАЊЕ СО ШТО ЌЕ СЕ ПРОШИРИ КОЛОВОЗНАТА ПОВРШИНА НА ПРИСТАПНИОТ ПАТ.
ПРОЕКТОТ ЗА ИЗГРАДБА НА ПОТПОРНИОТ ЅИД Е НА БАРАЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ ОД С. БЕГНИШТЕ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

МРЕЖАТА НА ГРАДСКАТА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА ЌЕ СЕ ЗГОЛЕМИ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНИ 130 МЕТРИ. ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРЕКУ АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА НА ФИРМАТА „РМК ГРАДБА“ ОД СКОПЈЕ ЗАПОЧНА СО ИЗГРАДБА НА ЦЕЛОСНО НОВА ЛИНИЈА НА ДЕЛ ОД УЛ. „РЕСАВСКА“.



СЕ РАБОТИ ЗА ПРОЕКТ СПОРЕД КОЈ НА ОВАА ДЕЛНИЦА ЌЕ СЕ ПОСТАВАТ ПОЛИЕТИЛЕНСКИ КОРУГИРАНИ ЦЕВКИ СО ПРОФИЛ 400 МИЛИМЕТРИ. ЛИНИЈАТА Е ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА АТМОСФЕРСКАТА КАНАЛИЗАЦИЈА НА НОВОПРОБИЕНАТА ДЕЛНИЦА НА СПОЈОТ СО „ЗАПАДЕН БУЛЕВАР“ НА КРИВИНАТА КАЈ ГРАДСКИТЕ ГОРБИШТА.
СТАНУВА ЗБОР ЗА ЦЕЛОСНО НОВА ЛИНИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ЗАФАТАТ АТМОСФЕРСКИТЕ ВОДИ ПОД РЕГИОНАЛНИОТ ПАТ КАВАДАРЦИ-ПРИЛЕП.

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СПРОВЕДУВА ЦЕЛОСНА РЕКОНСТРУКЦИЈА И МОДЕРНИЗАЦИЈА НА УЛИЧНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО ГРАДОТ И НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА. СЕ МЕНУВА НИСКО НАПОНСКАТА МРЕЖА, СЕ ПОСТАВУВААТ НОВИ КАНДЕЛАБРИ И СВЕТИЛКИ, А ЦЕЛТА Е ДА СЕ ЗАШТЕДИ ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА, А ДА СЕ ДОБИЕ ПОДОБРО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА УЛИЦИТЕ И ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ. НА ПРЕС КОНФЕРЕНЦИЈА ОД ОПШТИНАТА ИНФОРМИРАА И ДЕКА ГРАЃАНИТЕ МОЖАТ ОНЛАЈН ПРЕКУ ВЕБ СТРАНИЦАТА НА ОПШТИНАТА ДА ПРИЈАВУВААТ ПРОБЛЕМИ, НО И ДА ЗАКАЖУВААТ ПРИЕМ КАЈ ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ДЕНЕС ЗАПОЧНАА ПОДГОТВИТЕЛНИТЕ РАБОТИ ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ НА СТАРАТА И ДОТРАЕНА КОЛОВОЗНА ПОВРШИНА НА КРАК ОД УЛ.„ПРИЛЕПСКА“.
ОПШТИНАТА ВО СКЛОП НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА, ПРЕКУ АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА НА ФИРМАТА„АС МАШИНИ“ ОД КАВАДАРЦИ ИЗВРШИ ОТСТРАНУВАЊЕ НА СТАРАТА БЕТОНСКА ПОДЛОГА.



СПОРЕД ПРОЕКТОТ ЌЕ СЕ ПРОДОЛЖИ СО НИВЕЛИРАЊЕ И ПОДГОТОВКА НА ДЕНИЦАТА ЗА БЕТОНИРАЊЕ.
РЕКОНСТРУКЦИЈАТА СЕ СПРОВЕДУВА НА БАРАЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ КОИ ЖИВЕАТ ВЕДНАШ ДО ПРОТИВПОЖАРНИОТ ДОМ ОД НЕГОВАТА ЗАПАДНА СТРАНА.



ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРЕКУ АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА НА ФИРМАТА„ГРАДБА ПРОМЕТ“ УСПЕШНО РЕАЛИЗИРАШЕ УШТЕ ЕДЕН КОМУНАЛЕН ПРОЕКТ.
БЕШЕ РЕАЛИЗИРАНА ПОСЛЕДНАТА ФАЗА- АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛ.„ЕГЕЈСКА“ ОД СПОЈОТ СО УЛ.„ЉУБАШКА“ ПОД „СТАРОТО АНГРО“, ДО СПОЈОТ СО УЛ.„ПЕЛИСТЕРСКА“.
ПРЕТХОДНО И ОВДЕ СЕ ОТСТРАНИ СТАРАТА КОЛОВОЗНА ПОВРШИНА И СЕ ПОСТАВИЈА НОВИ РАБНИЦИ.
РЕКОНСТРУКЦИЈАТА Е НА БАРАЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ ОД ОВОЈ ДЕЛ НА КАВАДАРЦИ.






# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

НОВИ 500 МЕТРИ КВАДРАТНИ АСФАЛТИРАНА УЛИЦА СЕ ДЕЛ ОД ГРАДСКАТА УЛИЧНА МРЕЖА НА КАВАДАРЦИ. ОПЕРАТИВАТА НА АНГАЖИРАНАТА ФИРМА„ГРАДБА ПРОМЕТ" ИЗВРШИ АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛ.„СТИВ НАУМОВ". ВО СКЛОП НА ОВОЈ КОМУНАЛЕН ПРОЕКТ НА ОПШТИНАТА И ЈП„КОМУНАЛЕЦ" ПРЕТХОДНО БЕШЕ ИЗВРШЕНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВОДОВОДНАТА И КАНАЛИЗАЦИОНАТА МРЕЖА, ПО ШТО УСЛЕДИ ПОДГОТОВКА, ПОСТАВУВАЊЕ НА РАБНИЦИ И ТАМПОНИРАЊЕ НА ЦЕЛАТА ПОВРШИНА НА РЕКОНСТРУИРАНИОТ ДЕЛ ОД УЛИЦАТА.



И ОВОЈ ПРОЕКТ Е РЕАЛИЗИРАН НА БАРАЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ ОД ТОЈ ДЕЛ НА КАВАДАРЦИ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

НА БАРАЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ ОД КОЛЕКТИВНАТА ЗГРАДА НАД ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „ДИМКАТА АНГЕЛОВ-ГАБЕРОТ“ КАВАДАРЦИ, ОПШТИНАТА РЕАЛИЗИРА ПРОЕКТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПЕШАЧКАТА ПАТЕКА ПРЕД ВЛЕЗОВИТЕ ВО ЗГРАДАТА.
ОПЕРАТИВАТА НА ФИРМАТА „ГРАДБА ПРОМЕТ“ ДЕНЕС РАБОТЕШЕ НА ОТСТРАНУВАЊЕ НА СТАРИТЕ И РУИНИРАНИ БЕХАТОН КОЦКИ. ДЕНОВИВЕ ЌЕ СЛЕДИ ПОРАМНУВАЊЕ НА ЗЕМЈАТА И ПОДГОТОВКА ЗА БЕТОНИРАЊЕ.
СПОРЕД ПРОЕКТОТ ЌЕ СЕ БЕТОНИРА ЦЕЛАТА ПОВРШИНА НА ПАТЕКАТА ДОЛЖ ИСТОЧНАТА СТРАНА НА ЗГРАДАТА ВЕДНАШ ДО ОГРАДАТА НА УЧИЛИШТЕТЕТО.
СО ОВОЈ ПРОЕКТ ЖИТЕЛИТЕ ЌЕ ИМААТ ПОБЕЗБЕДЕН УРБАНИЗИРАН ПРИСТАП. НОВИОТ ПРИСТАП ЌЕ ГО КОРИСТАТ УЧЕНИЦИТЕ И НАСТАВНИЦИТЕ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

СО ПОСТАВУВАЊЕТО НА РАБНИЦИТЕ, ОПЕРАТИВАТА НА АНГАЖИРАНАТА ФИРМА „АС МАШИНИ" ОД КАВАДАРЦИ ЗАПОЧНА СО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВТОРАТА ЕТАПА ОД ПОПЛОЧУВАЊЕТО НА ДЕЛНИЦА ОД ПРИСТАПНИОТ ПАТ ДО ЦРКВАТА ВО СЕЛО ВОЗАРЦИ.
ВО НАРЕДНИТЕ ДЕНОВИ ЌЕ СЕ ОФОРМИ КОНТУРАТА НА ПАТОТ ВО ДОЛЖИНА ОД 270 МЕТРИ НА ДЕЛНИЦА ОД ПОСТОЈНИОТ ПЛОЧНИК ДО КАПИЈАТА НА ЦРКОВНИОТ ДВОР. ПАРАЛЕЛНО ЌЕ СЕ ВРШИ И ПОПЛОЧУВАЊЕ СО БЕХАТОН КОЦКИ НА ПОВРШИНА ОД 800 МЕТРИ КВАДРАТНИ.
МИНАТАТА ГОДИНА ОПШТИНАТА ПРЕКУ АНГАЖИРАНАТА ФИРМА ПОПЛОЧИ ПОВРШИНА ОД 400 МЕТРИ КВАДРАТНИ, ВО ПРАВЕЦ НА ЦРКВАТА И ТОА НА ПОТЕГОТ ОД СПОЈОТ СО ЛОКАЛНИОТ ПАТ КОН БРАНАТА НА „ХЕЦ „ТИКВЕШ".
СО ОВОЈ ЗАФАТ ОПШТИНАТА ВО ЦЕЛОСТ ЌЕ ГО ПОПЛОЧИ ПРИСТАПНИОТ ПАТ ДО СЕЛСКАТА ЦРКВА.



ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРЕКУ ЈП „КОМУНАЛЕЦ" РЕАЛИЗИРА ПРОЕКТ ЗА ЦЕЛОСНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОДЗЕМНАТА ИНФРАСТРУКТУРА, ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА НА УЛ. „ДАМЕ ГРУЕВ".
СПОРЕД ПРОЕКТОТ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ КОЕ Е И ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ, СЕ РЕКОНСТРУИРА ПОТЕГОТ ОД СПОЈОТ СО УЛ. „ВИШЕШНИЦА" ДО СПОЈОТ СО УЛ. „22РИ ДЕКЕМВРИ" ВО ВКУПНА ДОЛЖИНА ОД 150 МЕТРИ. ОВДЕ СЕ ПОСТАВИЈА НОВИ ЛИНИИ НА ФЕКАЛНАТА И АТМОСФЕРСКАТА КАНАЛИЗАЦИЈА, ПРИ ШТО СТАРИТЕ И ДОТРАЕНИ БЕТОНСКИ, СЕ ЗАМЕНИЈА СО ПЛАСТИЧНИ КОРУГИРАНИ ЦЕВКИ СО ПРОФИЛ 315.
КОМУНАЛЕЦ ИЗВРШИ ЗАМЕНА И НА ВОВОВОДНАТА ЛИНИЈА ПРИ ШТО НАМЕСТО СТАРИТЕ АЗБЕСТ-ЦЕМЕНТНИ ЦЕВКИ, СЕ ПОСТАВИ ПЛАСТИЧНО ЦРЕВО СО ПРОФИЛ 110.
ВО НАРЕДНАТА ФАЗА ЌЕ СЛЕДИ АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦАТА.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ЈП„КОМУНАЛЕЦ" РЕАЛИЗИРААТ ПРОЕКТ ЗА ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ДОПОЛНИТЕЛНИ 1500 МЕТРИ КВАДРАТНИ ПРИСТАПНИ ПАТЕКИ ВО КРУГОТ НА ГРАДСКИТЕ ГРОБИШТА.
СЕ РАБОТИ ЗА ИНВЕСТИЦИЈА ВО ИЗНОС ОД 1,5 МИЛИОНИ ДЕНАРИ. ПАРИТЕ СОГЛАСНО ПРОЕКТОТ СЕ ВЛОЖУВААТ ВО ПОПЛОЧУВАЊЕ СО БЕХАТОН КОЦКИ НА ПОСТОЈНИТЕ КАКО И ОФОРМУВАЊЕ НА НОВИ ПРИСТАПИ ДО ГРОБНИТЕ МЕСТА НА ГОРНОТО НИВО.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФОРМАТА„КЛАСИК КОМПАНИ 2010" ОД ОХРИД.





ОПЕРАТИВАТА НА ФИРМАТА„ГРАДБА ПРОМЕТ" РАБОТЕШЕ НА БЕТОНИРАЊЕ НА ПЕШАЧКАТА ПАТЕКА НА УЛ.„БРАЌА ХАЏИ-ТЕФОВИ" ВЕДНАШ ДО ОГРАДАТА НА УЧИЛИШТЕТЕТО„ДИМКАТА АНГЕЛОВ-ГАБЕРОТ„ КАВАДАРЦИ И ВЛЕЗОВИТЕ ОД ИСТОЧНАТА СТРАНА НА ЗГРАДАТА.
НА БАРАЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ ОД КОЛЕКТИВНАТА ЗГРАДА ОПШТИНАТА РЕАЛИЗИРА ПРОЕКТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПЕШАЧКАТА ПАТЕКА СО ВКУПНА ПОВРШИНА ОД 200 МЕТРИ КВАДРАТНИ. ПРЕТХОДНО СЕ ИЗВРШИ ОТСТРАНУВАЊЕ НА СТАРИТЕ И РУИНИРАНИ БЕХАТОН КОЦКИ, КАКО И ПОРАМНУВАЊЕ НА ЗЕМЈАТА И ПОДГОТОВКА ЗА БЕТОНИРАЊЕ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО СКЛОП НА ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА, ДЕНОВИВЕ ПРЕКУ АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА РАБОТИ НА ЛОКАЦИИ ВО СЕЛОТО СОПОТ.
КАКО ДЕЛ ОД ПРОЕКТОТ ЗА ПОПЛОЧУВАЊЕ И АСФАЛТИРАЊЕ ВО СЕЛОТО, ОПЕРАТИВАТА НА ФИРМАТА „АС МАШИНИ" ИЗВРШИ ПОДГОТОВКА ЗА АСФАЛТИРАЊЕ НА ДВЕ ЛОКАЦИИ СО ВКУПНА ПОВРШИНА ОД 800 МЕТРИ КВАДРАТНИ.
АСФАЛТИРАЊЕТО Е НА БАРАЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ ОД СОПОТ КОИ ГРАВИТИРААТ КОН ОВИЕ УЛИЦИ. СО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ОВОЈ ПРОЕКТ ОПШТИНАТА ЌЕ ОБЕЗБЕДИ УРБАНИЗИРАН И БЕЗБЕДЕН ПРИСТАП И ОДВИВАЊЕ НА СООБРАЌАЈОТ.



НОВИ 170 ДОЛЖНИ МЕТРИ АСФАЛТ СЕ ДЕЛ ОД УЛИЧНАТА МРЕЖА ВО КАВАДАРЦИ.
ОПЕРАТИВАТА НА ФИРМАТА „ГРАДБА ПРОМЕТ" ОД КАВАДАРЦИ ИЗВРШИ АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛ. „ЛАЗО СТОЈАНОВ".
СПОРЕД ПРОЕКТОТ НА ОПШТИНАТА НА ОВАА УЛИЦА ПРВО СЕ ОТСТРАНИ СТАРИОТ ОШТЕТЕН АСФАЛТ, ПОТОА БЕШЕ ИЗВРШЕНО ДРЕНИРАЊЕ НА ПОДЛОГАТА ПО ШТО СЛЕДИ ПОДГОТОВКА ЗА АСФАЛТИРАЊЕ.
РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА УЛИЦАТА Е НА БАРАЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ ОД ТОЈ ДЕЛ НА КАВАДАРЦИ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

СО УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОТОКОЛИТЕ ЗА РАБОТА НА ГРАДИНКИТЕ ДОНЕСЕНА Е ОДЛУКА ЗА ОТВАРАЊЕ НА ЈАВНИТЕ УСТАНОВИ ЗА ДЕЦА ОД 09.09.2020 ГОДИНА.

НАШАТА УСТАНОВА ЈОУДГ "РАДА ПОЦЕВА" РАБОТИ ПО СИТЕ ПРОТОКОЛИ КОИ СЕ ДАДЕНИ ОД СТРАНА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ.

СПОРЕД ПРОТОКОЛИТЕ, ВО ГРУПА ОД 0-2 ГОДИНА МАКСИМАЛНО ЌЕ ИМА 6 ДЕЦА, ДОДЕКА ОД 2 ДО ПОАЃАЊЕ НА УЧИЛИШТЕ МАКСИМАЛНО 15 ДЕЦА. ВО НАШАТА УСТАНОВА СЕ ЗГРИЖЕНИ СИТЕ ДЕЦА ЧИИ РОДИТЕЛИ ДОСТАВИА УРЕДНО ДОКУМЕНТИ ДО ПОСТАВЕНИОТ РОК.

ПРИ ВЛЕЗ ЗАДОЛЖИТЕЛНО СЕ МЕРИ ТЕМПЕРАТУРА СО БЕЗКОНТАКТЕН ТОПЛОМЕР И КАЈ ДЕЦАТА И НА ВРАБОТЕНИТЕ.

ВО СЛУЧАЈ ДА СЕ ПОЈАВАТ СИМПТОМИ ЌЕ СЕ ПОСТАПУВА ВО СОГЛАСНОС НА АЛГОРИТАМОТ ИЗРАБОТЕН ОД КОМИСИЈАТА ЗА ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ.

ОВАА ГОДИНА ОБЕЗБЕДЕНА Е ПОГОЛЕМ БРОЈ НА ПОСТЕЛНИНА ЗА ДА МОЖЕ ХИГЕНАТА ДА БИДЕ НА ПОВИСОКО НИВО ,НАПРАВЕНО Е МОЛЕРИСУВАЊЕ,САНАЦИЈА НА ОШТЕТЕНИТЕ ПОДОВИ И ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВ ЛАМИНАТ ЗА ПОЛЕСНО ОДРЖУВАЊЕ.

ОБЕЗБЕДЕНА Е ЗАШТИТНА ОПРЕМА ЗА СИТЕ ВРАБОТЕНИ И НАПРАВЕНА Е ДЕЗИНФЕКЦИЈА ОД СТРАНА НА ЈЗО ВО СИТЕ ОСУМ ОБЈЕКТИ .

ВО НАШИТЕ ОБЈЕКТИ ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС СЕ ОДВИВА ПО СИТЕ ПРОТОКОЛИ.





# НАСТАНИ

-НАША НАЈИСКРЕНА ЖЕЛБА Е ДА ПРИДОНЕСЕМЕ ЗА ПОДОБАР ЖИВОТ, РЕЧЕ АМБАСАДОРКАТА ХАНЕДА, ИЗРАЗУВАЈЌИ ЗАДОВОЛСТВО ОД ПОСЕТАТА. ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ЈАНЧЕВ ПОСОЧИ НА УСЛОВИТЕ КОИ СЕГА ГИ ИМА ВО ДЕТСКОТО ОДДЕЛЕНИЕ И ПОДОБРЕНИТЕ УСЛУГИ ВО БОЛНИЦАТА. -РАЗГОВАРАВМЕ НА ПОВЕЌЕ ТЕМИ, МЕЃУ КОИ И ЗА ЕКОНОМИЈАТА. ТИЕ ИМААТ НЕКОЛКУ ПРОГРАМИ ВО КОИ НИЕ МОЖЕМЕ ДА СЕ ВКЛОПИМЕ КАКО ОПШТИНА, ЗА ПОДДРШКА, НО И ЗА СОРАБОТКА, НАГЛАСИ ЈАНЧЕВ. ДИРЕКТОРОТ НА ОПШТА БОЛНИЦА СО ПРОШИРЕНА ДЕЈНОСТ, ДОКТОР ДИМЕ КОЦЕВ НАГЛАСИ ДЕКА СЕ ПОДОБРЕНИ УСЛОВИТЕ, КАКО ЗА СМЕСТУВАЊЕ НА ПАЦИЕНТИТЕ НА ОВА ОДДЕЛЕНИЕ, ТАКА И ЗА САМИТЕ ВРАБОТЕНИ И СЕ ЗАБЛАГОДАРИ ЗА ГРАНТОТ.









# НАСТАНИ

АМБАСАДОРКАТА НА ГЕРМАНИЈА АНКЕ ХОЛШТАЈН БЕШЕ ВО РАБОТНА ПОСЕТА НА КАВАДАРЦИ. ТАА ОСТВАРИ СРЕДБА СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ.

ПО СРЕДБАТА, ВО ИЗЈАВА ЗА МЕДИУМИТЕ ЈАНЧЕВ ЈА НАГЛАСИ ДОЛГОГОДИШНАТА СОРАБОТКА СО ГЕРМАНСКАТА АМБАСАДА, А ИНФОРМИРА ДЕКА РАЗГОВАРАЛЕ И ЗА ПОНТАМАМОШНА СОРАБОТКА.

„РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА И KFW ГЕРМАНСКАТА БАНКА СЕ ЕДНИ ОД НАЈГОЛЕМИТЕ ПОДДРЖУВАЧИ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СО НЕКОЛКУ ГРАНТОВИ. ЗАВРШЕН Е ГРАНТОТ ОД 620 ИЛЈАДИ ЕВРА, ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВОДОСНАБДУВАЊЕТО ВО ОПШТИНАТА. СЕГА Е ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ВТОРАТА ФАЗА, ВО МЕСЕЦ ОКТОМВРИ ЌЕ ЗАПОЧНЕ ТЕНДЕРИРАЊЕТО НА НОВИТЕ ПРОЕКТИ. ТОА Е ГРАНТ ДОБИЕН ОД ПРЕД ДВЕ ГОДИНИ, ПРЕКУ ГЕРМАНСКАТА ВЛАДА И БАНКАТА ОД 2.5 МИЛИОНИ ЕВРА. ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СО ГЕРМАНСКА ПОДДРШКА ЌЕ ДОБИЕ КОМПЛЕТНА НОВА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА“ ИЗЈАВИ ЈАНЧЕВ.

АМБАСАДОРКАТА ИНФОРМИРА ДЕКА НА СРЕДБАТА РАЗГОВАРАЛЕ ЗА ПОЛИТИЧКАТА, ЕКОНОМСКАТА И КУЛТУРНАТА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ДВЕТЕ ЗЕМЈИ И ОЦЕНИ ДЕКА ТАА Е НА МНОГУ ВИСОКО НИВО.

„ СО ОГЛЕД НА АКТУЕЛНИТЕ СОСТОЈБИ, НАШИОТ ГЛАВЕН АКЦЕНТ Е СПРАВУВАЊЕ СО ПАНДЕМИЈАТА И НЕЈЗИНИТЕ ПОСЛЕДИЦИ. ОВДЕ ВО РЕГИОНОТ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН САКАМЕ ДА ПОКАЖЕМЕ ДЕКА НАШИТЕ ПАРТНЕРИ ПРИ БОРБАТА СО ПАНДЕМИЈАТА, МОЖАТ ДА СЕ





# НАСТАНИ

ПОТПРАТ НА НАС. ГЕРМАНИЈА ДОСЕГА ГО ПОДДРЖА РЕГИОНОТ СО ПЕТ МИЛИОНИ ЕВРА. ПОНАТАМОШНИ ДЕСЕТ МИЛИОНИ СЕ НА ПАТ. ОСВЕН ТОА, ЕУ ПОМАГА СО 3.3 МИЛИЈАРДИ ЕВРА, ВО КОИ ГЕРМАНИЈА УЧЕСТВУВА СО СКОРО ЕДНА ТРЕТИНА. ВО КАВАДАРЦИ СЕ НАОЃА ГЕРМАНСКИОТ ИНВЕСТИТОР СО НАЈГОЛЕМ БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ ВО ДРЖАВАТА „ДРЕКСЛМАЈЕР“.  ЈА ПОСЕТИВ КОМПАНИЈАТА И ИМАВ МОЖНОСТ ДА СЕ УВЕРАМ ДЕКА ВО УСЛОВИ НА ПАНДЕМИЈА, ЗДРАВЈЕТО И БЕЗБЕДНОСТА НА ВРАБОТЕНИТЕ СЕ НАЈВИСОК ПРИОРИТЕТ. КОМПАНИЈАТА Е ПОСТОЈАНО ВО КОНТАКТ СО НАДЛЕЖНИТЕ МАКЕДОНСКИ ИНСТИТУЦИИ, ГИ СЛЕДИ СИТЕ ДАДЕНИ НАСОКИ, КАКО И СО ГЕРМАНСКИОТ ИНСТИТУТ РОБЕРТ КОХ, СПОРЕД КОЈ СПРОВЕДУВА ДОПОЛНИТЕЛНИ ЗДРАВСТВЕНИ ПРОТОКОЛИ, НАЛОЖЕНИ ОД ЦЕНТРАЛАТА, ИЗЈАВИ ХОЛШТАЈН.А.Д







# ДОНАЦИЈА

ВО ПРЕСРЕТ НА НОВАТА УЧЕБНА ГОДИНА, КОЈА ГОДИНАВА Е СООЧЕНА СО МНОГУ ПРЕДИЗВИЦИ, КОМПАНИЈАТА ДРЕКСЛМАЈЕР ДОНИРАШЕ КОМПЈУТЕРИ ШТО ГИ ИЗДВОИ ОД СОПСТВЕНИТЕ КАПАЦИТЕТИ, А С СО ЦЕЛ ДА СЕ ОЛЕСНИ ПРЕТСТОЈНАТА ОНЛАЈН НАСТАВА.НАД ДЕСЕТИНА УЧИЛИШТА ОД КАВАДАРЦИ, НЕГОТИНО, ДЕМИР КАПИЈА, ВЕЛЕС И ГРАДСКО ДОБИЈА КОМПЈУТЕРСКА ОПРЕМА ОД КОМПАНИЈАТА ДРЕКСЛМАЈЕР. КОМПЈУТЕРИТЕ СЕ ТЕСТИРАНИ И ЈА ПОДДРЖУВААТ ПЛАТФОРМАТА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА. НЕКОИ ОД УЧИЛИШТАТА ДОБИЈА ЛАП ТОП КОМПЈУТЕРИ, А ДЕЛ ДЕСКТОП КОМПЈУТЕРИ.

-„НИ ПРЕТСТАВУВА ЧЕСТ И ЗАДОВОЛСТВО ШТО СО ОВАА ДОНАЦИЈА МОЖЕМЕ ДА ПРИДОНЕСЕМЕ КОН ОЛЕСНУВАЊЕ НА ПОДГОТВИТЕЛНИОТ ПРОЦЕС ЗА ОНЛАЈН НАСТАВА ПРЕД САМИОТ ПОЧЕТОК НА НОВАТА УЧЕБНА ГОДИНА. СЕ НАДЕВАМ ДЕКА КОМПЈУТЕРСКАТА ОПРЕМА ЌЕ МУ БИДЕ ОД ГОЛЕМА КОРИСТ НА НАСТАВНИОТ КАДАР ВОУЧИЛИШТАТА ОД ОВОЈ РЕГИОН, А УЧЕНИЦИТЕ И ВО ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈА ЌЕ ИМААТ МОЖНОСТ НЕПРЕЧЕНО И КВАЛИТЕТНО ДА ЈА СЛЕДАТ НАСТАВАТА. ОВА Е НАША ЗАЕДНИЧКА ОДГОВОРНОСТ“, ИСТАКНА ГЕНЕРАЛНИОТ ДИРЕКТОР НА ДРЕКСЛМАЈЕР - ЛУКАС МИРИНГЕР, ПРЕД ДИРЕКТОРИТЕ НА УЧИЛИШТАТА ВО КАВАДАРЦИ НА ПРИМОПРЕДАВАЊЕТО НА ОПРЕМАТА.

ОДГОВОРНОСТА ЗА РАСПРЕДЕЛБАТА НА КОМПЈУТЕРИТЕ ВО КАВАДАРЕЧКИТЕ УЧИЛИШТА ЈА ПРЕЗЕДЕ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.ОВА Е ВТОРА ПОГОЛЕМА ДОНАЦИЈА ОД ВАКОВ ТИП, ОТКАКО НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА ДРЕКСЛМАЈЕР ПОДАРИ ОКОЛУ ДЕВЕДЕСЕТ КОМПЈУТЕРИ НА НЕКОЛКУ УЧИЛИШТА ВО ТИКВЕШКИОТ РЕГИОН. СО ОВА ВКУПНАТА БРОЈКА СО КОЈА СЕ ОПРЕМЕНИ УЧИЛИШТАТА Е ТРИСТОТИНИ КОМПЈУТЕРИ.ДОНАЦИЈАТА ОД ДРЕКСЛМАЈЕР Е ОД ОГРОМНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА НАШЕТО УЧИЛИШТЕ И ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА НАСТАВАТА.

ДРЕКСЛМАЈЕР КАКО И ДОСЕГА ЌЕ ПРОДОЛЖИ ДА ГИ НЕГУВА ВРЕДНОСТИТЕ И ЦЕЛИТЕ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА ОПШТЕСТВОТО ВО СИТЕ ОБЛАСТИ. ПОДДРШКАТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО Е САМО ДЕЛ ОД ГЛОБАЛНАТА РАЗВОЈНА-СТРАТЕГИЈА НА КОМПАНИЈАТА..






СО ИЗРАБОТКА НА МУРАЛ НА ФАСАДАТА НА САЛАТА „ПАРТИЗАН“ ВО КАВАДАРЦИ СЕ ЗАВРШУВА СЕРИЈАТА АКТО МУРАЛИ СО КОЈА СЕ ОТВОРИ ГОДИНЕШНАТА ПРОГРАМА НА ЈУБИЛЕЈНОТО, 15. ИЗДАНИЕ НА АКТО ФЕСТИВАЛОТ ЗА СОВРЕМЕНИ УМЕТНОСТИ ВО ПРОДУКЦИЈА НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА ФАКУЛТЕТ ЗА РАБОТИ ШТО НЕ СЕ УЧАТ(ФР~У). АВТОРКА НА МУРАЛОТ Е ЛИКОВНАТА УМЕТНИЦА И ПРОФЕСОРКА ЈАНА ЈАКИМОВСКА, А ВО ИЗВЕДБАТА УЧЕСТВУВАА И УМЕТНИЦИТЕ СИМОНА МАНЧЕВА И НЕНАД ТОНКИН.









Општинско јавно гласило
**КАВ’ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Сузана Шалева
**Печати:** печатница ГРАФО ПРОМ Битола
**Насловна фотографија:** Тони Јошески
Тираж 500 броја
**Бесплатен примерок**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
kavadarci.gov.mk